ЗАПИСНИК

од 6-та седница на Советот на Општина Новаци, одржана на ден 27.01.2026 година, со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Стевче Стевановски-Градоначалник на Општина Новаци, Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности, Александра Ангелевска-Помлад соработник, Петар Велјановски-Соработник.

Останати присутни: Весна Кочанковска-Представник на кординативното тело: "Стоп за депонија"

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 5^{та} седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2026 година;
3. Разгледување Заклучок за утврдување на неуредност на Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво;
4. Разгледување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија;
5. Разгледување и донесување на Програма за еднакви можности на мажите и жените;
6. Разгледување на Барање за изведување на градежни активности во црквата св.Никола с.Брод;
7. Разгледување на Барања за еднократна парична помош;
8. Советнички прашања;

Претседателот предложи измена и дополнување на дневниот ред и тоа:

- Разгледување и донесување Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година како точка бр.8
- Разгледување и донесување Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација за 2026 година како точка бр.9
- Разгледување и донесување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација како точка бр.10
- Разгледување и донесување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација како точка бр.11
- Разгледување и донесување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација како точка бр.12

- Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година како точка бр.13.

Точката бр.8 Советнички прашања, ќе стане точка бр.14

Предложениот дневен ред со дополнувањата, советниците го усвоија со **9 гласа ЗА.**

Точка 1 Разгледување и усвојување на Записникот од 5та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето на Записникот од 5та седница, истиот беше ставен на гласање.

Записникот беше усвоен со **9 гласа ЗА.**

Точка 2 Донесување на Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2026 година

Советот ја разгледа предлог-Програмата за работа на Советот на Општина Новаци за 2026 година. Раководителката Анета Киселоска им кажа на советниците дека оваа Програма се донесува секоја година и во кратки црти им објасни дека Програмата представува временска рамка на активностите на Советот во текот на целата година.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 3 Разгледување на Заклучок за утврдување на неуредност на Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво;

Раководителката Анета Киселоска им објасни на присутните дека согласно член 28 од Законот за локална самоуправа, граѓаните преку референдум можат да одлучуваат за прашања од надлежност на советот и за други прашања од локално значење. Утврдувањето на локација за депонирање на отпадот, односно управувањето со отпадот не е во надлежност на општината. Упрвување со отпадот е во надлежност на Владата на РСМакедонија. Владата на РСМ донесува Стратегија за управување со отпад, на предлог на Министерот за животна средина и просторно планирање. За реализација на Стратегијата, органот за животна средина, донесува План за управување со отпадот во РСМ. Планот е повеќегодишен и се донесува за 6 години. Ова постапка е предвидена во Законот за управување со отпад.

Доколку се спроведе референдум на локално ниви, согласно Закон за локална самоуправа и Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот. Во тој случај како ќе постапи Советот? Нема Одлука за локација на депонијата која што ќе треба да ја поништи, (дополнителен референдум, ниту пак има надлежност да носи одлука за утврдување на локација (претходен референдум). Затоа не може да се спроведи референдум за ова прашање.

Бидејќи прашањето е многу осетливо за населението и е од локално значење за населението, Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво, со целокупната документација беше доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање, до Министерството за локална самоуправа и Владата на РСМ за добивање на нивно мислење и конкретни насоки за понатамошно постапување. По добивањето на мислењата за ненадлежност на општината за спроведување на референдум на локално ниво, треба да се донеси Заклучок за утврдување на неуредност на Предлогот. Неуредност во смисла на законот е кога предлогот не е доставен од овластен предлагач (во случајот кај нас е од овластен предлагач) и прашањето за кое треба да се одлучува на референдум да не е во надлежност на општината (не е во надлежност на општината).

Советничката Македонка Соклевска постави прашање до Градоначалникот: Зошто за досегашните превземени активности во врска со депонијата немаше јавни расправи за граѓаните каде подетално ќе се објасни проектот за изградба на депонија.

Градоначалникот објасни дека имаше неколку јавни расправи со граѓаните и со стручни лица од Министерството за животна средина, а што се однесува до проектот тој кажа дека сеуште не е готов и дека и тој не е запознат со конечниот проект за депонијата. Тој исто така потенцираше дека дивите депонии посебно депонијата во с.Мегленци претставува голем проблем за општината и дека целото ѓубре од Ошштина Битола и околината се депонира во нашата општина и дека мора да се превземи нешто за решавање на тој проблем.

Претседателот Илче Трајковски кажа дека жителите на општината се најзасегнати со проблемот за дивите депонии, дека почвата и во воздухот во општината се загадени од нив и дека мора да се најде соодветно решение за проблемот. Тој исто така кажа дека имаше јавни расправи на кои граѓаните се изјаснија дека пристапен пат до депонијата мора да има и дека се очекува да излези целосниот проект за да се види како точно ќе изгледа.

Весна Кочанковска-Претставник на кординативното тело: “Стоп за депонија“ која беше присутна на седницата постави прашање зошто градоначалникот дозволи оваа депонија да се гради на територијата на неговата општина и зошто се приклучија толку многу општини кои ќе го депонираат ѓубрето токму на оваа депонија.

Градоначалникот одговори дека Министерството за животна средина и просторно планирање го спроведува целиот процес, дека тоа не е негова одлука и додаде дека дивите депонии се проблем во цела Македонија не само кај нас па затоа мора што побрзо да се најде решение за да се намалат штетните последици врз сите. Тој кажа дека државата зела заем од 55 милиони евра за целокупниот процес и дека 35 милиони евра се обезбедени за формирање на претпријатието и за опрема. Исто така додаде дека 10 милиони евра ќе бидат потребни за да се затвори депонијата во Мегленци и дека со ова општината ќе добие контролирана депонија која ќе донесе многу позитивни придобивки.

Весна Кочанковска: Имаме информација дека веќе во депонијата-Мегленци се носи ѓубре од други општини и зошто се отстапи од планот да се изградат депоноии по региони низ цела држава.

Градоначалникот одговори дека кога државата побарала заем од Европската банка за обнова и развој за изградба на повеќе депонии по региони низ цела држава тие одговориле дека не е рентабилно тоа и заради тоа се донесе одлука за спојување на регионите.

Претседателот Илче Трајковски се надоврза и кажа дека не е точна информацијата дека тука се одлага ѓубре од други општини освен од Општина Новаци и Општина Битола.

Советникот Иванчо Котевски праша дали советот ќе има надлежност да донесува одлуки за функционирањето на претпријатието.

Анета Киселоска одговори дека советот ќе има надлежност во денесувањето одлуки околу функционирањето на претпријатието.

Весна Кочанковска постави прашање до Градоначалникот дали средствата се веќе префрлени од Европска банка.

Градоначалникот одговри дека нема информација за тоа и дека тоа е надлежност на Министерството за животна средина. Тој додаде дека сите ние граѓаните треба да се свесни за проблемот со дивите депонии и дека ова е најдоброто решение. Граѓаните треба да се едуцираат за селектирањето на отпадот и дека општината ќе се залага да го контролира тоа со тоа што ќе се доделат канти за селекција до сите семејства.

Весна Кочанковска кажа дека таа како Претставник на кординативното тело: “Стоп за депонија“ доставила допис до Народен Правобранител и дека тие одговориле дека Советот треба да донесе одлука за распишување референдум.

Анета Киселска одговори дека Советот нема донесено Одлука за утврдување на локација на депонија за да би можело со референдум да се преиспита и поништи таа одлука. Претходно веќе кажав за тоа.

Претседателот Илче Трајковски, мислам дека доволно време ја разгледуваме оваа точка, исцрпени се сите дискусии, мислења, во интерес на времето и разгледувањето на останатите точки ја стави точката на гласање. Советничката Македонка Соклевска како овластен подносител на Предлогот за покренување на Граѓанската иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво, се повлече од гласање по оваа точка.

Точката беше усвоена со **6 гласа ЗА, 1 ВОЗДРЖАН, и 1 ПРОТИВ.**

Точка 4 Разгледување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија;

Раководителката Анета Киселоска заедно со Градоначалникот објаснија дека ваков Правилник беше усвоен и минатата година и дека општината како и минатата година планира да распише јавен повик за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија;

Бидејќи немаше прашања по оваа точка претседателот ја стави на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 5 Разгледување и донесување на Програма за еднакви можности на мажите и жените;

Програмата беше разгледана од страна на советниците. Раководителката Анета Киселоска им објасни дека како и останатите програми и оваа програма се донесува секоја година.

Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 6 Разгледување на барање за изведување на градежни активности во црквата св.Никола с.Брод

Петседателот на Советот Илче Трајковски го прочита барањето пред советниците. Градоначалникот се изјасни дека барањето би можело да се реализира во повеќе етапи бидејќи се работи за поголема инвестиција која не можи да се реализира во моментот. Претседателот предложи да се реализира барањето според можностите и финансиската состојба на општината. Советниците се согласија со предлогот на претседателот и претседателот ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 7 Разгледување на барања за еднократна парична помош;

Претседателот на Комисијата за доделување на еднократна парична помош Илче Трајковски кажа дека на Седницата беа разгледани следните барања за еднократна парична помош:

-Барање финансиска помош за лекување на лицето Марина Јанкуловска од с.Новаци;

-Барање финансиска помош за направена штета (усмртени овци) од напад на диви кучиња од лицето Дејан Атанасовски;

-Барање финансиска помош за лекување на своето дете Матеа Димитриевска од лицето Мартина Димитриевска од с.Новаци;

-Барање финансиска помош за лекување на лицето Катерина Николовска од с.г.Аглрци;

-Барање финансиска помош за лекување на Најденка Ѓорѓиевска од с.Гнеотино од лицето Методија Кочовски од Битола;

-Барање финансиска помош за лекување на лицето Владимир Василевски од с.Новаци;

-Барање финансиска помош за учество на спортски натпревар во Кик бокс од лицето Филип Талевски од с.Новаци;

-Барање финансиска помош за направена штета-опожарена куќа од лицата Иван и Бобан Матиќ од с.Беранци;

-Барање финансиска помош за направена штета-опожарена куќа од лицето Елица Стојановска од с.Барешани;

-Барање финансиска помош за направена штета-опожарен помошен објект од лицето Љупчо Аврамовски од с.Новаци;

Комисијата даде предлог на лицето Марина Наумовска да и се доделат финансиски средтсва во износ од 10.000 денари, додека на лицата Дејан Атанасовски, Мартина Димитриевска, Катерина Николовска, Најденка Ѓорѓиевска, Владимир Василевски, Филип Талевски и Љупчо Аврамовски, комисијата даде предлог да им се доделат финансиски средства во износ од 20.000 денари. За барањата од: Иван и Бобан Матиќ и барањето од Елица Стојановска, Комисијата одлучи да се препратат на разгледување до Градоначалник.

Советниците се согласија во целост со предлогот на Комисијата за еднократна парична помош и едногласно по сите барања гласаше со **9 гласа ЗА.**

Точка 8 Разгледување и донесување Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година;

Раководителката Анета Киселоска ја образложи оваа точка: Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година, ја носи Владата на РСМ и по нејзино објавување во Службен весник на РСМ, Советот на општината носи Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Новаци за 2026 година;

Претседателот Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година ја стави на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 9 Разгледување и донесување Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација за 2026 година;

Анета Киселоска: Исто како и кај Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година во Општина Новаци, и оваа одлука ја донесува Советот на општината усогласувајќи ја со горенаведената одлука.
Вредноста на бодот останува иста како и минатата година.

Претседателот Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на помошно технички лица во општинската администрација за 2026 година ја стави на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 10 Разгледување и донесување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација;

Раководителката објасни дека оваа одлука претставува основ за понатамншно постапување по постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Претседателот Илче Трајковски кажа дека оваа Одлука се донесува по барање на лицето Лупчо Димитриовски од с.Новаци.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 11 Разгледување и донесување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација;

Раководителката објасни дека оваа одлука претставува основ за понатамншно постапување по постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Претседателот Илче Трајковски кажа дека оваа Одлука се донесува по барање на лицето Светлана Раденковиќ од с.Новаци.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 12 Разгледување и донесување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација;

Раководителката објасни дека оваа Одлука претставува основ за понатамншно постапување по постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Претседателот Илче Трајковски кажа дека оваа Одлука се донесува по барање на лицето Снежана Дојчиновска од с.Новаци.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 13 Разгледување и Усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година;

По однос на оваа точка образложение требаше да даде Раководителката на Одделението за финансии-Оливера Димитровска но од оправдани причини не можеше да присуствува на седницата. Претседателот Илче Трајковски телефонски ја вклучи Раководителката Оливера Димитровска и таа даде кратко образложение за оваа точка. Таа кажа дека овај извештај се однесува за период од 01.01.2025 до 31.12.2025год. односно за целата изминатa година и дека има реализација на буџетот од 90%. Реализацијата е остварена со 87.04% средства на општината и 90% од донаторска сметка. Таа кажа дека подетално ќе даде образложение во завршната сметка.

Претседателот точката ја стави на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 14 Советнички прашања

Претседателот праша дали некој од советниците има советнички прашања. Советнички прашања немаше.

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот Илче Трајковски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 13:15 часот.

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски